СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од  Седумдесеттата седница на Собранието на Република Македонија,
одржана на 20 јануари 1994 година

Скопје, јануари 1994 година

**70-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 20.I. 1994 ГОДИНА**

ДНЕВЕН РЕД НА СТР.6

1. АНДОВ СТОЈАН - 1, 27..
2. АЛИУ ХАМИД - 10
3. АЛИУ ЕШТРЕФ - 21
4. ЛУЛОВСКИ КОЛЕ - 16
5. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 26, 27, 29, 30
6. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 23, 24
7. СУЛЕЈМАНИ ОЛОМАН - 21
8. ТОДОРОВСКИ ЖИВКО - 17 ( прозива )
9. ЦРВЕНКОВСКИ БРАНКО - 14, 28.
10. ХАЛИЛИ МУХАМЕД - 13, 14, 15.

- ПРОДОЛЖУВА -

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Седумдесеттата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 20 јануари 1994 година

Седницата се одржа во сала 1 во Собранието на Република Македонија, со почеток во 14,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пратеници, ја отворам Седумдесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Митко Анастасовски, Гулистана Марковска, Зоран Крстевски, Џеладин Мурати, Тито Петковски и Наиф Мустафа ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Записниците од Шеесет и шестата седница, Шеесет и седмата и Шеесет и деветтата седница на Собранието на РМ Ви се доставени.

Дали некои од пратениците има забелешки на записниците?

(Нема)

Констатирам дека записниците од Шеесет и шестата, Шеесет и седмата и Шеесет и деветтата седница се усвоени без забелешки.

I/2.- лп/јс

За седницата се поканети: претседателот на Република Македонија, г-дин Киро Глигоров, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија и директорот на Републичкиот завод за статистика.

Ве известувам дека Предлогот за донесува на закон за изменуваше и дополнување на Законот за данокот на промет на производи и услуги, со Предлог на закон и предлогот за донесување на закон по итна постапка за изменување и дополнување на Законот за надворешно - трговско работење со Предлог на закон, кои беа содржани во предлогот на дневниот ред за оваа седница, по барање на Владата на Република Македонија, беа разгледани на Седумдесет и првата седница на Собранието.

Владата на Република Македонија извести дека ги повлекува Предлогот за донесување на закон за јавното правобранителство и Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за управни- те спорови со Предлог на закон.

Претседателот на Владата на Република Македонија ме извести дека го повлекува Предлогот за разрешување на заменикот на министерот за здравство поради тоа што во меѓувреме заменикот на министерот за здравство поднел писмена оставка која претседателот на Владата ја прифатил.

Ве известувам дека пратеникот Панчо Минов го повлече Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за вработување.

Комисијата за труд и социјална политика предлага дневниот ред за оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за давање согласност на статутарната одлука за измени и дополнувања на Статутот на центарот за социјална работа - Ресен.

I/3.-

Кој е за предлогот на Комисијата, молам да крене рака.

Триесет и седум пратеници гласаа "за".

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Ве известувам дека пратеничката група ВМРО-ДПМНЕ достави барање за дополнување на дневниот ред на оваа седница со Информација по повод донесувањето на Одлуката на Уставниот суд на Република Македонија У.бр. 67/73 ("Службен весник на Република Македонија" бр. 75/93) .

Владата на Република Македонија достави мислење по Информацијата.

Барањето Информацијата на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, како и мислењето на Владата на Република Македонија Ви се доставени односно поделени.

Кој е за Предлогот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ да се дополните дневниот ред на оваа седница со оваа информација, молам да крене рака.

Дваесет и девет пратеници гласаа "за.'

Констатирам дека Предлогот не е усвоен.

Пратеникот Коле Луловски предлага дневниот ред за оваа седница да се дополни со Информација за економско - финансиската, кадровската и организационата состојба во јавните претпријатија основани од Републиката.

Истовремено, пратеникот Коле Луловски бара оваа Информација да ја изготви Владата на Република Македонија.

Молам, претставникот на Владата да се изјасни дали може бараната информација да ја подготви за оваа седница.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ**: (од место)

За една од наредните седници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Луловски, мислење на Владата е за една од наредните седници да ја подготват.

Дали го повлекувате Предлогот да се уврсти на оваа седница во дневниот ред?

Го повлекувате.

Комисијата за градежништво и урбанизам предлага дневниот ред за оваа седница да се дополни со Предлогот за донесување на законот за просторно и урбанистичко планирање.

Кој е за Предлогот на Комисијата за градежништво и урбанизам, молам да крене рака.

Педесет и девет пратеници гласаа "за".

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Има 70 пратеници, но ете некои не гласаа.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата за градежништво и урбанизам е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред за оваа седница да се дополни со 20 одлуки од областа на изборите и именувањата и разрешувањето од надлежност на Собранието.

Предлозите на одлуките Комисијата се уште не ги доставила и извести дека ќе ги достави дополнително.

Кој е за предлогот на Комисијата, молам да крене рака? Четириесет и девет пратеници гласаа "за".

Дали има некој против?

Еден пратеник е против?

Дали некој се воздржува од гласање?

Двајца пратеници се воздржаа од гласање.

Очигледно некои не гласаат. Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

(Прилог)

I/6.-

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот

ДНЕВЕН РЕД:

1. Предлог за донесување на закон за попис на населението, домаќинствата, становите и земјоделските стопанства во 1994 година;

2. Предлог за донесување на закон за царинска тарифа;

3. Предлог за донесување на закон за езерската пловидба;

4. Предлог за донесување на закон за вршење на нотарски работи;

5. Предлог за донесување на закон за условите за земање, разменување, пренесување и пресадување на делови од човековото тело заради лекување;

6. Нацрт на закон за народниот/правобранител;

7. Предлог за донесување на закон за основање на Центар за образование на кадри за областа на безбедноста, со Предлог на закон;

8. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за Јавното обвинителство, со Предлог на закон;

9. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за процесната постапка, со Предлог на закон;

10. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за извршната постапка, со Предлог на закон;

11. Предлог за донесување на закон за отсликување на Република Македонија, со Предлог на закон;

12. Предлог за донесување на закон за утврдување официјален национален празник на Република Македонија, со Предлог на закон;

13. Предлог за донесување на закон за употреба на јазикот и писмото на националностите во Република Македонија^со Предлог на закон;

14. Предлог за донесување на закон за изменуваше и дополнување на Законот за предучилишното и основното образование и воспитание, со Предлог на закон;

15. Предлог за донесување на закон за изменуваше и дополнување на Законот за насоченото образование со Предлог на закон;

16. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за општествена заштита на децата со Предлог на закон;

17. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за соработка во образованието, културата и науката меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Словенија со Предлог на закон;

18. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за преминуваше на државната граница и за движење во граничниот појас со Предлог на закон;

19. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за царинската тарифа, со Предлог на закон;

20. Предлог за донесување на закон за задолжителниот примерок со Предлог на закон;

21. Предлог за донесување на закон за изменување на законот за заштита при работа со Предлог на закон; :

I/8.-

22. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за изградба на инвестициони објекти со Предлог на закон;

23. Предлог за донесување на закон за резиденција на претседателот на Република Македонија со Предлог на закон;

24. Предлог за донесување на закон за резиденција на претседателот на Собранието на Република Македонија, со Предлог на закон;

25. Предлог за донесување на закон за резиденција на претседателот на Владата ка Република Македонија, со Предлог на закон;

2б. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за радио-дифузија со Предлог на закон;

27. Предлог на Уставен закон за изменување на Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија;

28. Предлог на закон за локалната самоуправа.

29. Предлог на закон за правата на членовите на семејството;чиј хранител е војник на служење на воениот рок;

30. Предлог на закон за изменување на Законот за прекршоците;

31. Предлог на закон за заштита на лични податоци;

32. Предлог на деловник на Собранието на Република Македонија;

33, Именување заменик на министерот за финансии; .

34. Барање на Општинскиот суд Битола за давање одобрение за водење на кривична постапка против Ѓорги Котевски, пратеник во Собранието на Република Македонија,

35. Предлог на одлука за избор на членови на Републичкиот судски совет,

36. Предлог на одлука за избор на претседател и членови на Комисијата за одбележување годишнини на значајни настани и личности,

37. Предлог на одлука за формирање и состав на Одборот за одбележување на 50-годишнината од Првото заседание на АСНОМ,

38. Предлози на одлуки за избор на членови на управни одбори на здравствени организации,

39. Предлог на одлука за разрешување од функцијата јавен обвинител во општинското јавно обвинителство во Крива Паланка,

40. Предлог на одлука за основање на Привремена комисија за разгледување на иницијативи за одделни промени на имиња на градовите и улиците и на јавните установи во Република Македонија,

41. Предлог на одлука за состав на Повремената комисија за разгледување на Иницијативата за поодделни промени на имињата и градовите, улиците и јавните установи во Република Македонија,

42. Предлог на одлука за ставање вон сила на Одлуката за изменување на Одлуката за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на радио-физуното претпријатие Македонска-радио телевизија,

43. Предлог на одлука за основање на пратеничката група на Собранието на Република Македонија на Интерпарламентарната унија,

44. Предлог на одлука за основање пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Македонија,

I/10.-

52. Предлог за донесуваше на закон за просторното и урбанистичко планирање,

53. Предлози на одлуки за именување вице-гувернери на Народната банка на Република Македонија,

54. Предлози на одлуки за разрешување и именување претставници на Република Македонија во органите на управата,

55. Предлог на одлука за именување на членови на Посебната комисија за изготвување предлог за именување индивидуален работоводен орган на Економскиот факултет во Скопје,

56. Предлог на одлука за давање согласност на Одлуката за именување индивидуален работоводен орган на Народната и Универзитетска библиотека Св."Климент Охридски".

57. Предлози на одлуки за разрешување од функции на судии на општинските судови, судии за прекршоци и заменици на јавни обвинители.

Дали има предлози за изменување и дополнување на пред-ложениот дневен ред?

Има збор пратеникот Хамид Алиу.

**ХАМИД АЛИУ:**

Почитувани пратеници, ценето претседателство, согласно членот 32 и 97, став 3 од Деловникот на Собранието на РМ, пратеничката група на ПДП бара на денешната седница Да се уврсти и следната точка: Информација за состојбите во авио-прометот во Република Македонија за трагичните настани во воздушниот сообраќај во РМ наназад една година.

I/11.-

Владата на Република Македонија, односно Министерството за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија, согласно уставните и законските надлежности, се обврзани да ја утврдуваат политиката на извршување на законите и другите прописи и се одговорни за нивното извршување. Министерството за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија покрај другите надлежности, ги врши работите што се однесуваат и на превозот во патничкиот, железничкиот речниот, езерскиот и воздушниот сообраќај, системите за врски и врши надзор во обласата на својот делокруг, а за таа цел во состав на министерството е и Републичкиот инспекторат за сообраќај и врски.

Од осамостојувањето на Република Македонија, во последните 16 месеци, на територијата на РМ се случија три авионски несреќи. Во двете авионски несреќи бројот на жртвите ја преминува бројката од 200 патници. Не можеме а да не помислиме за сликата што граѓаните на Република Македонија, но и меѓународната јавност, ја добиваат дека состојбите во воздушниот сообраќај во Република Македонија е толку критична и дека паѓањето на авионите, големиот број жртви е обична работа. А таа не смее да се дозволи. Не смееше да се пропушти на мислата дека на авионот на "Палер" случајот му се случи несреќата и дека таа нема повторно да се случи, без притоа да се преземат конкретни мерки и активности во областа на воздушниот сообраќај. Авионската несреќа на авионот Авио-импекс дали можеше да се избегне е прашање кое долго ќе лебди и ќе бара одговор во македонската јавност, но и пошироко.

Преземањето на правната регулатива во воздушниот сообраќај од бившата СФРЈ, во времето на нејзиното преземање беше неминовност. дали се уште не донесените законски и подзаконски акти од оваа област е неминовност, дали дефинирањето односно во  воздушниот сообраќај

се неминовност, дали неконституирањето на дирекцијата за цивилна воздушна пловидба е неминовност, а вакви и слични прашања може да се поставуваат до бескрај. Субјектите задолжени за организираше на воздушниот сообраќај во Република Македонија, кои пред се треба да водат сметка за она што секаде во светот во оваа област е на преден план, безбедноста, се препуштија на задоволството и благодетите што се извлекуваат од работата на Авио - компаниите, аеродромите и се она што следи и го дополнува воздушниот сообраќај. Жртвите болно споменуваат, тие се ненадокнадиви, а одговорноста колкава и да биде не ќе може да ги надокнади нив. Но владата на Република Македонија и министерството за урбанизам, градежништво сообраќај и екологија, јавното претпријатие за аеродромски услуги "Македонија" и другите субјекти задолжени за воздушниот сообраќај треба и мора да излезат пред пратениците на Собранието, пред јавноста во Република Македонија и пред свет- ската јавност со информација за состојбите во авио-прометот и за трагичните настани во авио-сообраќајот во Република Македонија на назад една година.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го молам претставникот на Владата, претседателот на Владата да се изјасни.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ**: (од место)

За една од наредните седници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Владата на една од наредните седници ќе подготви информација, тоа е информација што ќе ја даде Владата. Тоа е мислење на Владата.

Дали се согласувате?

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Почитувани пратеници, сметам дека не е некоја грешка ако оа се стави на дневен ред. Инаку, дневниот ред е огромен, и така оваа седница ќе трае долго време, па во меѓувреме Владата може да изготви една таква информација и сметам дека Собрнаието ќе има корист од една таква информација, никако штета.

Бараме да се стави на дневен ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го чувте мислењето на Владата. Владата прифаќа да под- готви информација и да ја достави до Собранието, но на една од на- редните седници.

Предлогот на пратеничката група на ПДП го ставам на гласање.

Кој е за, да се уврсти на оваа седница, молам да крене рака?

39 пратеници гласаа за.

Констатирам дека не е усвоен предлогот.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Пред да барам поддршка, што ја имаме, би го замолил премиерот да се искаже позитивно за ова, за тоа што нашето барање беше за вонредна седница на Собранието. Владата не одговори дали при фаќа вонредно или нема да прифати.

Со оглед на тоа дека сте имале време да расправате по оваа проблематика, пак ве повикувам вас, иницијативата да ја прифати те и да не барам поединечно гласање. Ако не прифаќате, тогаш предлагам поединечно гласање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Премиерот прифаќа, но не за оваа седница.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Седницата ќе биде долга и се надеваме дека до тогаш Владата ќе може да поднесе информација. Ако не, тогаш барам поединечно гласање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор претседателот на Владата.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Видете, не се работи за конкретниот предлог, туку се работи за еден принципиелен однос што ќе го имаме, а тоа е дали без подготвен материјал кој го имаме подготвено ќе ставаме точки на дневен ред на тековната седница. И за оваа иницијатива веројатно ќе има и други точки, како што сме имале и до сега. Едноставно сметаме дека не е во ред да ставаме точки за кои материјалот не е готов, без разлика дали мислиме дека седницата ќе трае подолго или пократко, што на некој начин прејудицира дека е ова една седница која ќе трае со денови. Значи, пратениците однапред влегуваат со едно расположение оваа седница да трае многу денови. Мислам дека тоа може така да се сфати.

Бидејќи се работи за една сериозна проблематика, а можеше да с заклучи и од образложението што го даде пратеникот Мухамед Халили, бидејќи се бара една опстојна информација, а не нешто што за едно попладне или за еден ден би се подготвило, зад кое треба да застане и Владата, а не само Министерството, па од тие причини за да имаме

посериозен пристап, предлагам до подносителите на иницијативата да се согласат тоа да биде за една од наредните седници. Уште повеќе што тука има една отежителна околност, а тоа е дека и покрај тоа што работата на државната комисија за случајот на авио несреќата на Палеровиот авион ФОЌЕР е привршена, меѓутоа, постои законски рок во кој додека не се добие мислење и од производителот Фоќер, не можат да се обелоденуваат податоците и тој рок тече заправо сега, а што се однесува до авиоимпексовиот авион таа истрага уште трае и не е дефинитен резултатот. Како и да ја вртиме информацијата, сепак ќе биде клучно и интересот ќе се сконцентира околу овие две несреќи. Од тие причини, на ист начин како г-динот Халили апелираше до мене, јас апелирам до пратеничката група да се согласи за да имаме посериозен пристап во целата работа, да се согласи тоа да биде за наредните седници, а ние како Влада ја преземаме таа обврска да подготвиме сеопфатна информација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали инсистирате на поединечно гласање?

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Да.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам заменик секретарот да го изврши гласањето.

(Бара збор пратеникот Коле Луловски)

Прво ќе го расправиме тоа што ни е на расправа, па потоа. Не можете вие да земете збор кога е друг предлагач.

(Пратеникот бара процедурално да интервенира)

Видете, тој ќе објаснува оти има дадено сличен предлог за јавните претпријатија. Ве молам, тоа е расправа, не е процедурално.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

И јас имам дадено предлог за таква точка и кога го прифатив мислењето од Владата тоа е јасно, во моето барање е организационите состојби во јавните претпријатија и мислам дека тука се опфаќаше и авиосообраќајот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа го прифатија дека ќе подготват информација.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Доколку се прифати, сметам дека пратеничката група на ПДП ќе има добро разбирање истовремено кога ќе се дискутира за јавните претпријатија од друмскиот и железничкиот сообраќај, ПТТ, да биде опфатена и оваа точка. Затоа, можам да ви кажам индиректно не ме терајте сега да гласам "за" или "против", дозволете моето мислење околу гласањето да биде "воздржан", бидејќи претходно е прифатено мислењето од Владата од моја страна лично, во тоа е процедуралното барање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го молам заменик секретарот Живко Тодоровски да го изврши гласањето.

(Прилог: список)

**ЖИВКО ТОДОРОВСКИ:**

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | воздржан |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА | за |
| 3. ЕШРЕФ АЛИЈУ | за |
| 4. ХАМИТ АЛИУ | за |
| 5. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | не е тука |
| 6. СТОЈАН АНДОВ | воздржан |
| 7. ТИМЕ АНДОНОВ | воздржан |
| 8. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | воздржан |
| 9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ | воздржан |
| 10. ЛАМБЕ АРНАУДОВ | не е тука |
| 11. ДРАГИ АРСОВ | за |
| 12. БРАНКО АРСОВСКИ | воздржан |
| 13. ДУШКО АРСОВСКИ | против |
| 14. ЃОРЃИ БОЈКОВСКИ | против |
| 15. ЈОРДАН БОШКОВ | за |
| 16. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ | не е тука |
| 17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | против |
| 18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | за |
| 19. ПЕТАР ГОШЕВ | не е тука |
| 20. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ | за |
| 21. САНДЕ ДАВЧЕВ | воздржан |
| 22. РАТКА ДИМИТРОВА | не е тука |
| 23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ | воздржан |
| 24. ТОДОР ДИМОВ | воздржан |
| 25. ДОСТА ДИМОВСКА | за |
| 26. БОРКО ГОРЧЕСКИ | воздржан |
| 27. ДУШКО ГОРГЕСКИ | не е тука |
| 28. ПЕТАР ГОРГИЕВ | воздржан |
| 29. ЗУДИ ЕМИНИ | за |
| 30. ЈОРДАН ЗАФИРОВ | не е тука |

II/5

| | |
|---|---|
| 31. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ | за |
| 32. НАСЕР ЗИБЕРИ | за |
| 33. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ | против |
| 34. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ | не е тука |
| 35. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ | не е тука |
| 36. ИВАН ИВАНОВ | воздржан |
| 37. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | за |
| 38. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | не е тука |
| 39. СИМЕОН ИВАНОВСКИ | воздржан |
| 40. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ | за |
| 41. РИСТО ЈОВАНОВ | воздржан |
| 42. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ | воздржан |
| 43. РИСТО ЌЕЛЕШОВ | не е тука |
| 44. ТАШКО КИРОВ | за |
| 45. ЗОРАН КИТЕВ | за |
| 46. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ | за |
| 47. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ | воздржан |
| 48. ГОРГИ КОТЕВСКИ | против |
| 49. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | не е тука |
| 50. НИКОЛА КРСТЕВСКИ | воздржан |
| 51. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА | за |
| 52. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | воздржан |
| 53. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ | воздржан |
| 54. ЕФТИМ МАНЕВ | за |
| 55. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | против |
| 56. ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА | не е тука |
| 57. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ | не е тука |
| 58. МАРИН МИЛЕНКОВСКИ | не е тука |
| 59. СТРАИО МИЛКОВСКИ | против |
| 60. ПАНЧО МИНОВ | не е тука |
| 61. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ | за |
| 62. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | за |
| 63. ВАНЧО МЛАДЕНОВ | против |
| 64. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | не е тука |
| 65. АВДИ МУРТЕЗАНИ | за |

НД

II/6

| | |
|---|---|
| 66. НДИФ МУСТАФА | не е тука |
| 67. ПАНЧЕ НАСЕВ | воздржан |
| 68. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | воздржан |
| 69. СИМОН НАУМО.СКИ | воздржан |
| 70. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 71. ЈОВАН НИКОЛОВ | против |
| 72. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | против |
| 73. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | не е тука |
| 74. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | воздржан |
| 75. ТИТО ПЕТКОВСКИ | не е тука |
| 76. ТОДОР ПЕТРОВ | за |
| 77. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ | не е тука |
| 78. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | не е тука |
| 79. ДИМИТАР ПОПОВСКИ | воздржан |
| 80. КИРО ПОПОВСКИ | воздржан |
| 81. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | против |
| 82. НИКОЛА ПОПОВСКИ | воздржан |
| 83. ШАБАН ПРЕВАЛА | за |
| 84. БОЖО РАЈЧЕВСКИ | не е тука |
| 85. ИСМЕТ РАМАДАНИ | не е тука |
| 86. ИВАН РАМБАБОВ | против |
| 87. ШУКРИ РАХИМИ | за |
| 88. ФЕРИД САДИКУ | не е тука |
| 89. НЕИМ СЕЛМАНИ | не е тука |
| 90. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | не е тука |
| 91. АЦО СПИРОВСКИ . | не е тука |
| 92. РИСТО СТАМЕНОВ | не е тука |
| 93. РИСТО СТАНКОВСКИ | против |
| 94. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ | за |
| 95. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА | воздржан |
| 96. НАЌЕ СТОЈАНОВСКК | против |
| 37. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ | против |
| 98. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | за |
| 99. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | за |
| 100. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | за |
| 101. ЏЕЛИЛ ТАИРИ | за |

| | |
|---|---|
| 102. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | против |
| 103. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ | за |
| 104. БЛАГОЈ ТОШЕВ | воздржан |
| 105. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | не е тука |
| 106. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ | не е тука |
| 107. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | не е тука |
| 108. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ | за |
| 109. АГИМ ФАЗЛИУ | за |
| 110. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ | воздржан |
| 111. МУХАМЕД ХАЛИЛИ | за |
| 112. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ | не е тука |
| 113. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | не е тука |
| 114. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ | не е тука |
| 115. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ | воздржан |
| 116. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ | за |
| 117. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | не е тука |
| 118. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ | за |
| 119. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ | не е тука |
| 120. ХИСНИ ШАКИРИ | за |

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, вкупно гласале 81 пратеник, од кои "за" гласале 36 пратеник^, против 16, воздржани 29 пратеници.

Констатирам дека овој предлог не е усвоен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Оломан Сулејмани.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитувани пратеници, пратеничката група на ПДП ценеше дека оваа Информација беше многу важна бидејќи навистина изгубивме голем број на граѓани, без разлика на нивната национална припадност, Слободно може да се каже дека 199 3 година за Македонија беше година на жалост.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, ние за тоа денес не водиме расправа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Бидејќи ние сме народни пратеници овде, а гледам дека премногу се дава предност на партиската определеност или не знам како, а не ценејќи ги нашите граѓани кои ги изгубија животите.

Во име на пратеничката група на ПДП барам 30 минути пауза заради консултација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Давам 30 минути пауза.

(По паузата седницата продолжи со работа во 16,00 часот).

Продолжуваме со работа.

Има збор г-динот Ештреф Алиу.

**ЕШТРЕФ АЛИУ:**

Почитуван претседателе, дами и господо пратеници,

Бараната пауза од половина час, т.е. времето кое сите вие поединечно по половина час чекавте, користам прилика да се извинам, но, сфатете, сакавме паузата да ја ставиме во функција на подобро

дејствување и покоректна работа на Парламентот. Свесни сме дека за ова време предолго за нас не успеавме да воспоставиме поиздржана методологија на дејствување на Парламентот и затоа често пати намерно и ненамерно се остава простор да се Свади дека некоја парламентарна група е фаворизирана или кон некоја друга односот т.е. критериумот не е ист.

До колку остане празнина тоа да се сфати во негативна конотација, тогаш е и молбата за овој изгубен половина час да се извиниме. Сфатете една работа дека ние сепак дозволуваме да бидеме крајно субјективни, сите 23 пратеници т.е. денес 18 колку сме присутни, но една реалност да ја знаете. Се уште постои не сфатлива подбивност кон предлозите на пратеничката група , под единствен разлог затоа што се на пратеничка група на ПДП.

Од друга страна сакам да ја образложам малку оваа мисла. Исклучок прави мал број на пратеници.

Имено, од друга страна ние сакавме да ја цениме искрената заложба на премиерот да ја објасни моменталната позиција и потребата од една исцрпна и детална анализа која би била комплетна и професионално извршена. Сепак дозволете е крајно една сосема приватна, хумана, граѓанска, човечка и интелектуална должност да не се остава празнина во јавноста дека работите одат многу бавно, дека некој намерно не сака да ги забрза за да се знаат конечно причините за овие две големи трагедии. И од тие хумани побуди и потребата за поддршка на ставот на премиерот работите до крај професионално и стручно да се извршат.

Сепак на крај една молба. Доколку се успее да се забрзаат процесите Владата и стручните служби по оваа проблематика треба да ни достават до знаење дека интензивно работат и се трудат процесот да се забрза. И барем на првата наредна седница за оваа проблематика да имаме детална информација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара дополнување или изменување на дневниот ред по некое друго прашање?

**СТОИЛЛ СТОЈКОВ:**

Јас буквално немам предлог, меѓутоа, сакам да го цитирам членот 98 од Деловникот за работа на ова Собрание кои се уште има важност, односно, неговиот став 2 кој вели:

"Во Предлогот на дневниот ред претседателот на Собранието ги внесува сите прашања што до денот на свикувањето на седницата му ги доставиле работните тела на Собранието, како и делегатите односно сега пратениците, функционерите и органите кои според Уставот и овој Деловник се овластени да предлагаат определено прашање да се стави на дневен ред на заедничка седница, односно на седница на Собранието".

Јас заедно со г-динот Томислав Стефковски на 1.12.1993 година имаме поднесено предлог за донесување на Закон за јавно информирање. Согласно одредбата што пред малку ја цитирав претседателот на ова Собрание требало за оваа седница исто така да ја стави оваа точка на дневен ред. Јас не знам од кои причини, можеби е испуштено, меѓутоа, ме зачудува што и после 50 дена оваа точка не се става на дневен ред, затоа што со Деловникот исто така е предвидено за вакви прашања односно предлози на закони треба најмалку 30 дена да поминат за да бидат испратени до пратениците за да се произнесат

определени работни тела на ова Собрание, што исто така не е сторено. Мислам дека има повреда на деловничките одредби, не барам да се гласа по овој предлог, туку согласно деловникот оваа точка да биде ставена на дневен ред на оваа Седумдесетта седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Како што гледате г-динот Стојков нема предлог да се дополни дневниот ред.

Инаку, решението за свикување на оваа седница од претседателот е издадено пред да дојде тој нивни предлог, а тој можеше сега овде да си го предложи, и досега можеше да го предложи.

Решението за седницата е на 23 ноември , пред 1 декември.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Не се работи за решение. Во Деловникот дословно стои: "до денот на свикувањето на седницата". Не до денот на донесување на решение за свикување на седница. Седницата се свикува за денешен ден. Оттогаш, од нашиот предлог до сега има 50 дена изминато. Никаде не стои решението, туку стои денот на свикувањето на седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Со денот на свикувањето на седницата сум го потпишал решението. Тоа е ден на свикување, а ден за кога е свикана седницата е друг ден.

Ве молам, да одиме понатаму.

Дали има друг предлог? (нема).

Бидејќи нема други предлози, го ставам дневниот ред на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (62 пратеника).

Дали е некој против?(6 пратеника)

Дали некој се воздржува од гласање?(6 пратеника).

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана предлагаат Предлогот на одлуката за избор на членови на Републичкиот судски совет да се разгледа како прва точка, со оглед на неодложната потреба од донесување на оваа Одлука заради нејзиното значење за функционирање на судската власт во Републиката.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака? (44 пратеника).

Дали е некој против? (о пратеника)

Дали некој се воздржува од гласање?(9 пратеника)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Преминуваме на пратенички прашања.

Ве известувам дека Владата на Република Македонија достави одговори на пратеничките прашања на пратениците: Тодор Петров, Борко Горчевски, - Стојмир Цветковски, Иван Иванов, Никола АПОСТОЛОВСЈ Борис Горчевски, Цветан Јовчевски, Петре Трајковски и Благоја Чкатроски, Никола Стојановски и Јован Николов, Наќе Стојановски, Томислав Стојановски, Ефтим Манев, Богдан Неделковски, Драги Гроздановски, Ештреф Алиу, Мерсим Положани, Владимир Митевски, Газменд Ајдерага, Авди Муртезани, Владимир Голубовски, Никола Апостоловски, Шабан Превала, Димитар Трпеновски, Томислав Стефковски, Петре Трајковски, Ристо Јованов, Џелил Таири, Хамид Алиу, Ферид Садику, Вецко Личоски, Душан Николовски, Цветан Јовчевски, Панчо Минов и Петар Гошев.

III/6

Дали пратениците што ги постави овие прашања, во врска со истите имаат дополнителни прашања?

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Господине претседателе, мене ме интересира која дата беше кога јас ги поставив тие прашања? Од таа дата до денес немам добиено ниеден одговор на прашањата. Како да Собранието и Владата се далеку со илјадници километри. Не знам зошто не ги добиваме одговорите. Поставив, ако не се лажам 10-15 пратенички прашања , а немам добиено ни еден одговор.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Кај мене не се работи за дополнителни прашања. Јас го користам правото од Деловникот дали ми е одговорено на поставените прашања, како прво, и второ, дали од добиениот одговор сум задоволен или не, и трето, дали ќе барам дополнително изјаснување по оние одговори што ми се дадени.

Почитувани колеги, јас поставив повеќе прашања. Едно прашање сум поставил пред година дена и повеќе, за него нема одговор, а тоа е за начинот како во две населени места во Куманово се коле на сред улица жива стока и се продава.

Второто прашање се однесуваше за настанатата штета околу користење на службени возила за Идризово и доведување односно земање на одредена личност од Идризово што бил во притвор. На тоа прашање немам одговор.

На првото прашање за кое имам одговор, а тоа е до кога на нашите возила ќе стојат ознаки на туѓа држава, на која држава ние како самостојна држава не и припаѓаме  а тоа е море појава и повеќе од една налепница да  стојат повеќе  налепници, добивам нецелосен или така наречен лош одговор.

Одговорот е дека се работело да се добие налепница со МК.

Моето прашање беше до кога на наши возила ќе имаме ознака на туѓа држава, а не кога ќе се изготват налепниците со МК. Налепниците со МК веќе се продаваат, меѓутоа да се скинат ЈУ налепниците мора извршната власт да преземе одредени мерки. Во таа смисла не сум задоволен од одговорот и сакам од министерот сега да ми одговори. На другите две прашања зошто не ми е одговорено, премиерот да ми даде одговор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За ова дополнително прашање во врска со знаците на колите дали имаме ние надлежен функционер во МВР, очигледно дека немаме. Тогаш нека се пренесе преку Владата до Министерството да дадат одговор по писмен пат.

Дали некој сака да одговори по другите прашања што ги постави г-динот Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Во пратеничките прашања ако го нема ресорниот министер, претседателот на Владата е присутен, иако друг нема тој ќе мора да ни даде одговор. Ако вака одиме ви се молам до крајот на мандатот на ова Собрание нема да добиеме одговор. Нема го министерот, нема го претседателот на Владата. Тука е претседателот на Владата, тука е министерот ќе дадеме дополнително одговор на наредната седница, на наредната седница ќе се одложи. Такви ни се постојано одговорите. Затоа јас инсистирам по сите три прашања да Добијам одговор од страна на премиерот.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Јас претпоставувам дека г-динот Стојановски процедурата или принципот што веќе го изложи, а тоа дека доколку некој од надлежните министри не се присутни, претседателот на Владата или некој од другите членови на Владата ја презема на себе обврската да одговара на пратеничките прашања е некое правило, пишано или не пишано од државите со подолготрајна парламентарна традиција каде институтот пратеничко прашање навистина има една посебна тежина.

Меѓутоа, јас исто така ќе се повикам на една традиција од тие парламентарни системи, а тоа е меѓу другото, закажани седници на Собранието почнуваат во време кога се закажани. Во неколку наврати ние овде од страна на Владата апелиравме токму за да му дадеме посебна тежина на институтот пратеничко прашање да се договориме, да речеме на две недели еден термин или на месец дена еден ден да посветиме посебна седница каде ќе се поставуваат пратенички прашања, каде ќе бидат присутни сите членови на Владата и каде навистина ќе се даде соодветен третман на оваа институција. Инаку оваа седница, на пример беше закажана за вчера во 10 часот, па работеа комисиите со една голема неизвесност, се рече кога ќе завршат ќе се закаже седница на Собранието, па беше одложена за денеска до 10 часот, па за во 12, па за во 14 часот и еве сега дојдовме 16,25 часот. Што значи , Владата сериозно да пристапи кон ова прашање, требаше во текот на вчерашниот цел ден и еве целиот денес работен ден се до денес целиот состав на Владата да биде тука и да чека да дојде моментот за поставување на пратенички прашања, што мислам оти ќе се согласите дека во голема мера 5и ја блокирало работата на Владата и на поодделните министерства.

Оттука јас ја користам оваа прилика и прозивка од г-динот Стојановски повторно до Парламентот да апелирам, до колку постои расположение, од страна на Владата такво расположение постои за овој институт пратенички прашања да добие соодветен третман и соодветна тежина, практично да се договори за одредена дата, ден или термин, да речеме во тоа време ќе се поставуваат пратенички прашања за да може навистина Владата во целиот состав да биде присутна и да можеме на тоа и соодветно да одговориме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Мислам дека овој предлог на премиерот треба да го усвоиме за понатаму. Меѓутоа, предлагам и сега да прекинеме со пратеничките прашања и утре во 10,00 часот нека си дојдат сите, ќе почнеме со пратенички прашања, нека дојде цела Влада, да може да се одговара на прашањата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Предлогот на претседателот дали ќе се уважи или не, тоа тој го раководи, а во раководењето не сакам да се мешам, дозволувам една таква работа, интервенции, меѓутоа, сакам да поразговараме од оваа дистанца со ....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не можеме за тоа да разговараме, ве молам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Г-дине претседателе, како што имавте вие право, дозволете ми да го искажам она за што дојдов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, немате вие право како што јас имам право. Не сте вие претседател на Собрание г-дине Стојановски.

III/10

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ама, не разговарам со вас, со Парламентот сакам да разговарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не можете да разговарате со никого. Овде не се разговара. Овде се добива збор да се соопшти на Парламентот нешто. Не може да разговарате вие со овој, со оној.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Па јас имам таков збор , сакам ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Така, ама не може тоа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Г-дине претседателе, сакам да биде едно јасно. Секоја седница по тој Деловник што го читате започнува со пратенички прашања. За тоа сакав да му кажам на премиерот, секоја седница почнува со пратенички прашања и тој тоа треба да го знае, нека си ја припреми Владата за таа работа, а не да вика дека не бил подготвен. Вчера дали беше подготвен? Не бил подготвен. Денеска не е подготвен, кога ќе ги добиеме ние одговорите?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам ние не разговараме сега за утврдување на Деловникот.

Точно, секоја седница почнува со пратенички прашања но во Деловникот стои дека може и поинаку да се одлучи.

Според тоа, предлагам, бидејќи ќе има спорови кај секој од овие прашања и одговори, некои од министрите не е тука, а премиерот изјави спремност кога ќе бидат пратенички прашања да биде

Владата тука, да ги оставиме и утре со нив да почнеме.

Дали се согласувате со предлогот? (се согласуваат)

Седницата прекина со работа во 16,30 часот.